Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 55 став 2, алинеи 2, 3 и 4 од истиот Закон и на точките 25 и 26 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи (Пречистен текст) арх.бр.01-2970/1 од 05.07.2024 г., точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1372/1 од 27.03.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-1832/4 од 24.04.2025 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 18-та седница одржана на 24.04.2025 г., го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, заради извршена повреда на член 55 став 2, алинеи 2, 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на точките 25 и 26 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 4-ти март 2025 година, во специјализираната информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева“ не беа почитувани условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми, како и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1372/1 од 27.03.2025 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на

почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка – јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗАВМУ пропишува дека аудио и аудиовизуелните програми кои содржат пласирање производи покрај другите услови треба да ги исполнуваат и следниве услови: нема директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку посебно промотивно препорачување на стоките и на услугите; нема да му придаваат претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор и гледачите и слушателите да бидат јасно информирани за постоењето на пласирањето производи на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите и кај слушателите. Одредбите од ставот (2) алинеја (4) на овој член нема да се применуваат ако аудио и аудиовизуелната програма што содржи пласирање производи не била произведена или нарачана од давателот на медиумски услуги или од претпријатие поврзано со давателот на медиумски услуги (став 3 на член 55 од ЗАВМУ).

Во Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, во главата со наслов „Означување на пласирањето производи“ во точката 25 пропишано е дека со цел да се избегне забуна кај гледачите и слушателите, програмите и видеата создадени од корисници, кои содржат пласирање производи треба да бидат јасно означени, на почетокот и на крајот од нивното траење, како и по секоја пауза за рекламирање. Во точката 26 пропишано е дека аудиовизуелните програми и видеата создадени од корисници во кои има пласирање производи се означуваат со истакнувањето на лого и текст на екранот, на следниов начин: логото треба да се истакне на кој било дел од екранот така што ќе биде лесно забележливо за гледачите, но не смее да покрива суштински делови од дејството; на пример ликовите или титлот, ниту на каков било друг начин да го наруши интегритетот на програмата или видеото создадено од корисник и не смее да го покрие логото на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, ознаката за категоријата на програмата, рекламирањето на поделен екран и другите ознаки, кои на гледачот треба да му дадат информација во врска со природата и/или карактеристиките на програмата/видеото и секое појавување на логото мора да е проследено со текст и да трае најмалку 10 секунди. Воедно, во точката 26 од Упатството графички е прикажан изгледот на логото и на текстот што треба да се истакнат на екранот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27-ми март 2025 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 4-ти март 2025 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 став 2, алинеи 2, 3 и 4 од ЗАВМУ и на точките 25 и 26 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

Прекршувањето е направено во изданието на специјализиранаата информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева“, емитувано на телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип од 4 март 2025 година, на следниов начин:

- изданието на емисијата за тема (испишана на телоп) ја имаше: „*Дебелината, ризик од низа болести како што се дијабетес, срцеви заболувања и одредени видови на рак*“, а беше реализирано како интервју со д-р Валентина Крстеска, раководителка на „Липо-диет центар“ од Скопје. Често и долготрајно, директно и вербално и визуелно, низ емисијата беа посебно промотивно препорачувани евентуалните придобивки од методот на т.н. „неинвазивна липосукција“, како и од примената на Lipo-α и Lipo-β препаратите / суплементите / додатоците за (липосукциска) исхрана;

- во прилог кон погоренаведеното, се издвојува следниов цитат (пренесен буквално, без лектура), со траење од 09:28:58 часот до 09:33:58 часот. „*Тоа е диететско-тераписки програм за намалување на вишок на килограми, за почеток, за 30 дена. Поделен е во две целини од по 15 дена, каде што во првите 15 дена, тоа се оние најбитни 15 дена, во програмата се земаат нашите производи Lipo-α и Lipo-β. Lipo-α е убав препарат којшто е*

*во прав, тоа се протеини од сурутка од млеко, тука се витамини, В6, В12, цинк и еден многу убав додаток, тоа е конџак-глукоманан - тоа се растителни влакна, полисахариди, коишто само бубрат во допир со вода. Кога ќе се раствори тој напиток, кога ќе се испие, дава ситост, и може да држи 3 до 4 часа. Затоа во текот на денот се зема трипати, во тие напитоци има убав вкус на салеп, може да се додаде цимет, може да се додаде стевија. Заедно со тие напитоци се земаат и капсули, аминокиселини. Тие капсули, составот од 4 избалансирани аминокиселини, есенцијални, тие се потребни на организмот, поготово за да го зачуваат мускулното ткиво, организмот во текот на слабеењето да не ја користи енергијата од мускулите, туку само да ги топи масните наслаги, да биди телото цврсто и кожата да не виси во текот на слабеењето. Тие капсули се пијат по две со секоја кесичка";*

- Целото објаснување за липосукцискиот третман визуелно е илустрирано со промотивни слајдови - вид ТВ-флаери / комерцијални летоци и за суплементите (Lipo-α и Lipo-β) и за „Липо-диет центарот". Промотивните слајдови се емитувани или на електронски билборд монтиран како дел од сценографијата во студиото, или прикажани паралелно, во крупен план, преку монтажна поделба на снимачкиот кадар / глетката на разговорот во ТВ-студиото. Промотивните слајдови се емитувани непрекинато додека трае разговорот, испишани се со директни рекламни пораки поврзани со здравјето на потенцијалните пациенти, а се однесуваат на: - прекумерна дебелина; - стрии; - проблеми со тироидната жлезда; - дијабет; и друго. Одредени промотивни слајдови, пак, прикажуваат и познати личности од јавниот живот, како корисници на препорачаната липо-исхрана;

- На крајот од разговорот / емисијата, водителката поставува и наведувачко прашање: - (цитат - прашање) - „*Во пресрет на Денот на жената, 8 март, имате и едно дополнително изненадување за оние коишто ќе сакаат. Нели велиме – донесете ја одлуката сега и веднаш, а не чекајте следниот или по два или по три месеци?*"

- (цитат - одговор) – „*Во текот на оваа недела, до 8 март, заклучно со 8 март, секој којшто ќе го купи тој цел пакет на липосукциска исхрана, добива поклон вага за мерење на телесна тежина*"

- Логото за програма со пласирани производи беше поставено само 5 секунди пред почетокот на емисијата - од 09:15:12 до 09:15:17; - Логото, како уредувачки потсетник (за публиката) што треба недвојбено да разграничи меѓу различните видови аудиовизуелна комерцијална комуникација и содржината на емисијата, не беше поставено ниту по паузите за двата рекламни блока (*од 09.17:46 до 09:20:23; од 09:41:00 до 09:43:35 – во кои беа емитувани и рекламни спотови - и за „Липо-диет центарот" од Скопје и за методот на „неинвазивна липосукција" со примена на споменатите суплементи*) ниту на крајот од емисијата.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1372/1 од 27.03.2025 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 28.03.2025 г., испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-1372/2 од 28.03.2025 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1372/1 од 27.03.2025 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Дописот беше уредно примен на 01.04.2025 г. Во предвидениот рок, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.04.2025 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 став 2, алинеи 2, 3 и 4 од ЗАВМУ и на точките 25 и 26 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1372/1 од 27.03.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-1832/4 од 24.04.2025 г., поради констатирано

непочитување на одредбите од ЗАВМУ и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.04.2025 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1372/1 од 27.03.2025 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Одговорното лице на програмата во ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност Vlera: |
| 10 | 1372/1 | | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 март 2025 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2025 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица)
- **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
- **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа)

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 4 март 2025 година, на државно ниво, констатирано е **прекршување на членот 55 став 2, алинеи 2, 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („*Услови за пласирање производи*") и на членовите 25 и 26 („*Означување на пласирањето производи*") од Упатството за пласирање производи.**

Според наведените законски одредби, <u>забрането е</u>:

- директно поттикнување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување;
- да се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор;

а графички, пак:

- логото, пропишано за означување програма во која се пласирани производи, треба да се емитува:

- пред почетокот;
- на крајот од програмската целина;
- по секоја пауза за реклами.

Според „Упатството за пласирање производи", во сите горенаведени случаи, логото за означување програма со пласирани производи мора да се емитува со времетраење од најмалку 10 секунди.

Во изданието на специјализиранаата информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева", емитувано во програмскиот сервис од 4 март 2025 година, прекршоците се направени на следниов начин:

- изданието на емисијата за тема (испишана на телоп) ја имаше: „*Дебелината, ризик од низа болести како што се дијабетес, срцеви заболувања и одредени видови на рак*", а беше реализирано како интервју со д-р Валентина Крстеска, раководителка на „Липо-диет центар" од Скопје. Често и долготрајно, директно – и вербално и визуелно, низ емисијата беа посебно промотивно препорачувани евентуалните придобивки од методот на т.н. „неинвазивна липосукција", како и од примената на Lipo-α и Lipo-β препаратите / суплементите / додатоците за (липосукциска) исхрана;

- во прилог кон горереченото, се издвојува следниов цитат (пренесен буквално, без лектура), со траење од 09:28:58 до 09:33:58:

- *Тоа е диететско-тераписки програм за намалување на вишок на килограми, за почеток, за 30 дена. Поделен е во две целини од по 15 дена, каде што во првите 15 дена, тоа се оние најбитни 15 дена, во програмата се земаат нашите производи Lipo-α*

*и Lipo-β. Lipo-α е убав препарат којшто е во прав, тоа се протеини од сурутка од млеко, тука се витамини, B6, B12, цинк и еден многу убав додаток, тоа е конџак-глукоманан - тоа се растителни влакна, полисахариди, коишто само бубрат во допир со вода. Кога ќе се раствори тој напиток, кога ќе се испие, дава ситост, и може да држи 3 до 4 часа. Затоа во текот на денот се зема трипати, во тие напитоци има убав вкус на салеп, може да се додаде цимет, може да се додаде стевија. Заедно со тие напитоци се земаат и капсули, аминокиселини. Тие капсули, составот од 4 избалансирани аминокиселини, есенцијални, тие се потребни на организмот, поготово за да го зачуваат мускулното ткиво, организмот во текот на слабеењето да не ја користи енергијата од мускулите, туку само да ги топи масните наслаги, да биди телото цврсто и кожата да не виси во текот на слабеењето. Тие капсули се пијат по две со секоја кесичка;*

- Целото објаснување за липосукцискиот третман визуелно е илустрирано со промотивни слајдови - вид ТВ-флаери / комерцијални летоци и за суплементите (Lipo-α и Lipo-β) и за „Липо-диет центарот". Промотивните слајдови се емитувани или на електронски билборд монтиран како дел од сценографијата во студиото, или прикажани паралелно, во крупен план, преку монтажна поделба на снимачкиот кадар / глетката на разговорот во ТВ-студиото. Промотивните слајдови се емитувани непрекинато додека трае разговорот, испишани се со директни рекламни пораки поврзани со здравјето на потенцијалните пациенти, а се однесуваат на: - прекумерна дебелина; - стрии; - проблеми со тироидната жлезда; - дијабет; и друго. Одредени промотивни слајдови, пак, прикажуваат и познати личности од јавниот живот, како корисници на препорачаната липо-исхрана;

- На крајот од разговорот / емисијата, водителката поставува и наведувачко прашање:

- (цитат - прашање) - *„Во пресрет на Денот на жената, 8 март, имате и едно дополнително изненадување за оние коишто ќе сакаат. Нели велиме – донесете ја одлуката сега и веднаш, а не чекајте следниот или по два или по три месеци?"*

- (цитат - одговор) – *„Во текот на оваа недела, до 8 март, заклучно со 8 март, секој којшто ќе го купи тој цел пакет на липосукциска исхрана, добива поклон вага за мерење на телесна тежина."*

- Логото за програма со пласирани производи беше поставено само 5 секунди пред почетокот на емисијата - од 09:15:12 до 09:15:17;

- Логото, како уредувачки потсетник (за публиката) што треба недвојбено да разграничи меѓу различните видови аудиовизуелна комерцијална комуникација и содржината на емисијата, не беше поставено ниту по паузите за двата рекламни блока (*од 09.17:46 до 09:20:23; од 09:41:00 до 09:43:35 – во кои беа емитувани и рекламни спотови - и за „Липо-диет центарот" од Скопје и за методот на „неинвазивна липосукција" со примена на споменатите суплементи*) ниту на крајот од емисијата.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева" – специјализирана информативна емисија; | 09:15:17 | 09:55:15 |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 55 став 2, алинеи 2, 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 25 и 26 од Упатството за пласирање производи,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 4 март 2025 година, во специјализираната информативна емисија „Фактор здравје со Билјана Дебарлиева" не беа почитувани условите за пласирање производи во аудиовизуелните програми, како и правилата за означување на програмите што содржат пласирани производи.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за пласирање производи; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*